**Известување за концентрација со која КЕН БИДКО ЛИМИТЕД, Обединето Кралство ќе стекне директна единствена контрола над Кин енд Карта Плц, Англија**

**(предмет бр. 08-23 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која КЕН БИДКО ЛИМИТЕД со седиште на 10-14 Вајт Лајн Стрит, Лондон, Обединето Кралство ќе стекне директна единствена контрола над Кин енд Карта Плц, со седиште на Д Спитфајр Билдинг, 71 Колиер Стрит, Лондон, Англија.

-КЕН БИДКО ЛИМИТЕД е приватно друштво со ограничена одговорност, основано во Англија и Велс. Неговата директна матично друштво е Туринг Лукс Бидко 2 С.а р.л. ("**Туринг Лукс Бидко 2**"), кое исто така е матично друштво на Валтек Групацијата ("**Валтек**"). Туринг Лукс Бидко 2 е во сопственост и контролирана од БЦ Партнерс XI.

БЦ Партнерс е меѓународна инвестициска фирма со имот од околу 40 милијарди евра под управување во стратегии за приватен капитал, приватни кредити и недвижнини. БЦ Партнерс XI (*BC Partners XI*) заедно со други приватни капитални фондови советувани од БЦ Партнерс овде наведени како "**БЦ фондови**“, а портфолио-компаниите контролирани од БЦ фондови се овде наведени како "**БЦ Портфолио Компании**". БЦ Фондовите. имаат контролирачки удел во 34 портфолио компании. БЦ фондовите се чисти финансиски инвеститори, односно не се вклучени во секојдневното управување со компаниите во кои инвестираат, а кои се управувани од независни менаџерски тимови.

Валтек има една подружница во Северна Македонија, компанијата Валтек Дооел Скопје со регистрирано седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела А/лево Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Понатаму, Јунајтед Груп, која е компанија за портфолио на БЦ, има три подружници во Северна Македонија:

- Тотал ТВ ДОО Скопје со регистрирано седиште на Бул. ВМРО бр. 3, Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– дејности на сателитска телекомуникација; -УГИ ФИБЕР ДООЕЛ со регистрирано сеидште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– дејности на сателитска телекомуникација и

-Дирецт Медиа ДОЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр.5-1 локал 2/Скопје – Центар, Република Северна Македонија со приоритетна дејност– агенција за маркетинг.

-Кин енд Карта Плц е глобална консултантска компанија за дигитална трансформација, која им служи на бизнисите во здравството, финансиските услуги, индустрискиот сектор и земјоделството, малопродажбата и дистрибуцијата, транспортот и јавниот сектор, меѓу другите. Претходно позната како Сент Ивс плц (*St Ives plc*) Кин енд Карта еволуираше од групација за услуги за печатење и маркетинг во консултантска компанија за дигитална трансформација фокусирана на обезбедување поврзани резултати за клиентите преку дигитални иновации, модернизација на облак (анг. *cloud*), овозможување податоци и дигитална оптимизација. Седиштето на Кин енд Карта е во Лондон, со седиште во САД во Чикаго и има над 1.800 консултанти, инженери и научници за податоци на глобално ниво.

Кин енд Карта има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија, друштвото Кин енд Карта Македонија ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. 1737 бр. 32 Скопје – Центар, Северна Македонија со приоритетна дејност– компјутерско програмирање.

Според подносителот на известувањето за целите на на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како: ИТ услуги во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

29.01.2024 година

Скопје